*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на | Број 10 | |
| Општината Штип | 17 октомври 2005 година | ГОДИНА XLII |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


180.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1860/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

181.

Врз основа на член 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип, **се избираат**:

    1. за претседател:
    - **Надица Танчева Тулиева**

    2. за членови:
    - **Атанас Атанасов**
    - **Омер Демиров**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 07-1860/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

182.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИ

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1861/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

183.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 9 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип.

II

Извештајот на Верификационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-1861/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

184.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1862/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

185.

Врз основа на член 21 точка 36 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ
## НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот, и тоа на:

   - **Цвета Давиткова**

2. Свечената изјава на членот на Советот е составен дел на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-1862/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

186.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА ИЛИ ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за реконструкција или изградба на отворени спортски игралишта на подрачјето на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1863/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

187.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА ИЛИ ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕНИ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Отворените спортски игралишта на подрачјето на Општината Штип предвидени со деталните урбанистички планови ќе се реконструираат или градат со средства од Проектот за развој на деца и млади, финансирани од Владата на РМ.

Член 2

Тековното одржување на отворените тековни игралишта по нивното реконструирање или изградба е во надлежност на Општината.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1863/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

188.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1864/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

189.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Од буџетот на Општината Штип за 2005 година конто 463110/АО-Трансфери "Здруженија на граѓани" и конто 442170/АО Културно-уметнички манифестации" се доделуваат финансиски средства:

1. На Фестивалот на забавни мелодии "Макфест"-120.000 денари.
2. На Меѓународното здружение на цивилните инвалиди од војната-Штип-10.000 денари.
3. На Општинскиот сојуз на здруженијата за техничка култура - народна техника-15.000 денари.

Член 2

Од буџетот на Општината Штип за 2005 година конто 471160/АО-"Еднократна парична помош" се доделува финансиска помош на:

1. Нада Коциќ-4.000 денари
2. Демир Јашаров-4.000 денари
3. Иле Ристов-20.000 денари
4. Роза Митрева-4.000 денари
5. Блашка Стојанова-6.000 денари
6. Ленче Дечева-4.000 денари
7. Сузана Стојанова-6.000 денари
8. Зоран Штрков-6.000 денари
9. Ерсиме Ибова-4.000 денари
10. Музафер Џеладинов-4.000 денари
11. Ехрем Гузел-4.000 денари
12. Горан Вукановски-4.000 денари
13. Анка Постолова-16.000 денари

Средствата по точка 5 ќе се исплатат доколку лицето достави докуметнација за лекување во странство.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1864/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

190.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-АВГУСТ 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-август 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1865/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

191.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП "ШТИП-ПРОЕКТ"-ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-АВГУСТ 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-август 2005 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1865/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

192.

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ БРОЈ 0701-1866/1 ОД 7 ОКТОМВРИ 2005 ГОДИНА

1. Се запира објавувањето на Заклучоците број 0701-1866/1 донесени на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 7 октомври 2005 година.
2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

## О б р а з л о ж е н и е

Со одредбите на член 51 став 1 од Законот за локална самоуправа е дадено право на градоначалникот да запре објавување на пропис донесен од Советот на Општината доколку смета дека истиот не е во согласност со Уставот и законите.

Согласно овие одредби го донесувам решението од следните причини:

Согласно член 50 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02), градоначалникот избира директори на јавните служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс.

Во преодните и завршните одредби на истиот закон член 96 гласи: "Одредбите од постојните закони со кои се уредуваат прашања што согласно овој закон се надлежност на општината ќе продолжат да се применуваат се до нивното усогласување со одредбите на овој закон, но најдоцна до 31 декември 2003 година". Со одредбите од овој член е суспендирано правото на основачот, односно Советот да именува и разрешува директори на јавните претпријатија, јавни служби согласно член 40 од Законот за јавните претпријатија.

Според напред наведеното донесувањето на заклучоците е спротивно со член 51 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ", број 52/91) според кој сите прописи мора да бидат во согласност со уставот и законите.

Број 08-1866/2
17 октомври 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

193.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за собирање на комунален отпад на територијата на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1867/2
17 октомври 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

194.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Информацијата за собирање на комунален отпад на територијата на Советот на Општината Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1867/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

195.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЕПИДЕМИОЛОШКАТА СОСТОЈБА ВО ШТИП ОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за епидемиолошката состојба во Штип од јануари-јуни 2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1868/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

196.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ЕПИДЕМИОЛОШКАТА СОСТОЈБА ВО ШТИП ОД ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Информацијата за епидемиолошката состојба во Штип од јануари-јуни 2005 година, со следниот **заклучок**:

- Заводот за здравствена заштита да достави пресметка за дератизација на подрачјето на Општината Штип.
  Средствата за дератизација да се обезбедат од буџетот на Општината Штип.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1868/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

197.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА "ОСМОНОЕМВРИСКИ ПЛАКЕТИ"

I

Се објавува Заклучокот за доделување на "Осмоноемвриски плакети".

II

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1869/2
17 октомври 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

198.

Врз основа на член 21 точка 32 и член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 7 октомври 2005 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА "ОСМОНОЕМВРИСКИ ПЛАКЕТИ"

I

Се прифаќа Предлогот за доделување на "Осмоноемвриски плакети".

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1869/1
7 октомври 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 180. | Решение за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип | 270/10 |
| 181. | Решение за избор на претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип | 271/10 |
| 182. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип | 272/10 |
| 183. | Заклучок за усвојување на Извештајот на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип | 273/10 |
| 184. | Решение за објавување на Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Штип | 274/10 |
| 185. | Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општина Штип | 275/10 |
| 186. | Решение за објавување на Одлуката за реконструкција или изградба на отворени спортски игралишта на подрачјето на Општина Штип | 276/10 |
| 187. | Одлука за реконструкција или изградба на отворени спортски игралишта на подрачјето на Општина Штип | 277/10 |
| 188. | Решение за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства | 278/10 |
| 189. | Одлука за доделување финансиски средства | 279/10 |
| 190. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-август 2005 година | 280/10 |
| 191. | Заклучок за усвојување на Информацијата за тековното работење на ЈП "Штип-проект"-Штип за периодот јануари-август 2005 година | 281/10 |
| 192. | Решение за запирање на објавувањето на Заклучоците број 0701-1866/1 од 7 октомври 2005 година | 282/10 |
| 193. | Решение за објавување на Закучокот за усвојување на Информацијата за собирање на комунален отпад на територијата на Општината Штип | 283/10 |
| 194. | Закучок за усвојување на Информацијата за собирање на комунален отпад на територијата на Општината Штип | 284/10 |
| 195. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за епидемиолошката состојба во Штип од јануари-јуни 2005 година | 285/10 |
| 196. | Заклучок за усвојување на Информацијата за епидемиолошката состојба во Штип од јануари-јуни 2005 година | 286/10 |
| 197. | Решение за објавување на Заклучокот за прифаќање на предлогот за доделување на "Осмоноемвриси плакети" | 287/10 |
| 198. | Заклучок за прифаќање на предлогот за доделување на "Осмоноемвриси плакети" | 288/10 |